Y. 18.6.69.
2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 13 јуни 1969
Скопје
Број 23 XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**211.**

Врз основа на член 99 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 23 мај 1969 година, на седницата на Соборот на општините, одржана на 28 мај 1969 година, на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 23 мај 1969 година, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 27 мај 1969 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 28 мај 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се образува Комисија за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија (Комисија).

2. Задачи на Комисијата се: да го следи остварувањето на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и да ги проучува и претресува прашањата што се од значење за неговото остварување и за натамошниот развиток на уставниот систем.

3. Комисијата во својата работа ќе ги разгледува и мислењата и предлозите на собранијата на општините и на општествено-политичките, работните и другите организации по прашањата што се од уставно значење.

4. Врз основа на следењето, проучувањето и претресувањето на прашањата од точка 2 на оваа одлука, Комисијата може на Собранието да му дава иницијативи за разгледување на одделни прашања од значење за остварување на Уставот, како и да предлага да се даде иницијатива за менување на одделни одредби од Уставот.

5. Комисијата се состои од претседател, потпретседател и определен број членови. Бројот на членовите на Комисијата се утврдува при нивниот избор.

Претседателот и потпретседателот на Комисијата се избираат од редот на пратениците на Собранието. Членовите на Комисијата се избираат од редот на пратениците на сите собори на Собранието и од редот на општествено-политичките, научните, стручните и други јавни работници.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 1894
29 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**212.**

Врз основа на точка 5 од Одлуката за образување Комисија за уставни прашања на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 23 мај 1969 година, на седницата на Соборат на општините, одржана на 28 мај 1969 година, на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 23 мај 1969 година, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 27 мај 1969 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 28 мај 1969 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Комисијата за уставни прашања се избира Никола Минчев, претседател на Собранието на СРМ.

2. За потпретседател на Комисијата се избира Фируз Демир, пратеник во Соборот на општините.

3. За членови на Комисијата се избираат:

а) Од редот на републичките пратеници:

— д-р Ксенте Богоев, претседател на Извршниот совет,

— Хицет Рамадани, потпретседател на Собранието на СРМ,

— Крсте Марковски, пратеник во Републичкиот собор,

— Мориц Романо, пратеник во Републичкиот собор,

— Драган Захариевски, пратеник во Републичкиот собор,

— Ванчо Бурзевски, пратеник во Републичкиот собор,

— Љупчо Самоников, пратеник во Републичкиот собор,

— Филип Брајковски, пратеник во Соборот на општините,

— д-р Владимир Митков, пратеник во Соборот на општините,

— Страшо Христов, пратеник во Стопанскиот собор,

— Алија Беговски, пратеник во Стопанскиот собор,

— Драги Тозија, пратеник во Просветно-културниот собор,

— Димитар Шопов, пратеник во Просветно-културниот собор,

— д-р Никола Христов, пратеник во Социјално-здравствениот собор,

— д-р Милан Гавриловски, пратеник во Социјално-здравствениот собор.

б) Од редот на општествено-политичките, научните, стручните и други јавни работници:

— Бошко Станковски, претседател на Републичката конференција на ССРНМ,

— Славко Милосавлевски, секретар на Секретаријатот на ЦК СКМ,

— Павле Давков, претседател на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија,

— Златко Билјановски, претседател на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија,

— Киро Поповски, претседател на Републичката конференција на ССМ,

— Видое Смилевски, сојузен пратеник,

— Вера Ацева, сојузен пратеник,

— Хисен Рамадани, секретар на Републичката конференција на ССРНМ,

— Бонка Демирова, член на Секретаријатот на ЦК СКМ,

— д-р Александар Христов, претседател на Правниот совет,

— Крум Михајлов, претседател на Економскиот совет,

— д-р Стеван Габер, професор на Правниот факултет,

— Андон Макрадули, републички секретар за финансии,

— Ѓорѓи Цаца, секретар на Секретаријатот за законодавство и организација на Извршниот совет,

— Кочо Тулевски, претседател на Општинското собрание Тетово,

— Стојан Андов, претседател на Општинското собрание Кавадарци,

— Љупчо Арнаудов, секретар на Градскиот комитет на СКМ Скопје,

— Ванчо Близнаковски, член на Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија,

— Лазо Лабачевски, советник во Собранието на СРМ.

4. За секретар на Комисијата се избира членот Ѓорѓи Цаца.

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1931
29 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**213.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за образување комисија за изготвување предлог за дополнување на Деловникот на Собранието на СРМ и на деловниците на неговите собори, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 23 мај 1969 година, на седницата на Соборот на општините, одржана на 28 мај 1969 година. на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 23 мај 1969 година, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 27 мај 1969 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор. одржана на 28 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ И НА ДЕЛОВНИЦИТЕ НА НЕГОВИТЕ СОБОРИ

I

Се разрешуваат претседателот и членовите на Комисијата за утврдување предлог за дополнување на Деловникот на Собранието на СРМ и на деловниците на неговите собори, избрани со Одлуката број 806 од 7 март 1969 година („Службен весник на СРМ“ бр. 11/69), поради истекот на пратеничкиот мандат на повеќето членови на Комисијата.

II

За претседател и членови на Комисијата за утврдување предлог за дополнување на Деловникот на Собранието на СРМ и на деловниците на неговите собори се избираат:

а) за претседател: Хиџет Рамадани, потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

б) за членови:

1. Ванчо Цветковски, пратеник на Републичкиот собор;
2. Нико Тодоровски, пратеник на Републичкиот собор;
3. Пејко Блажевски, пратеник на Соборот на општините;
4. м-р Панче Соколов, пратеник на Соборот на општините;
5. д-р Јовица Јовановски, пратеник на Социјално-здравствениот собор;
6. Раде Петровски, пратеник на Социјално-здравствениот собор;
7. Ѓорѓи Ѓоргиевски, пратеник на Стопанскиот собор;
8. Даница Младеновска, пратеник на Стопанскиот собор;
9. Фахри Каја, пратеник на Просветно-културниот собор;
10. Ѓорѓи Кртев, пратеник на Просветно-културниот собор;
11. д-р Владимир Митков, претседател на Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ;
12. Мире Доновски, секретар на Собранието на СРМ;
13. Никола Бакулевски, секретар на Извршниот совет;
14. Ѓорѓи Цаца, секретар на Секретаријатот за законодавство и организација на Извршниот совет;
15. Илија Беличанец, секретар на Републичкиот собор на Собранието на СРМ;
16. Лазо Лабачевски, советник во Собранието на СРМ;
17. Васко Мисајловски, советник во Собранието на СРМ;
18. Радослав Славевски, секретар на Соборот на општините на Собранието на СРМ;
19. Томислав Стефовски, секретар на Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ.

III

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1871
3 јуни 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**214.**

Врз основа на член 143 од Деловникот на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичкиот собор, на својата седница одржана на 23 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ ОДБОРИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во постојаните одбори на Републичкиот собор се избираат следните пратеници:

1. Одбор за општествено-економски односи:
а) за претседател: Драган Спироски;
б) за членови: Ванчо Бурзевски, Џоџа Николовски, Боге Кузмановски, Урош Адреевски, Миле Миновски, Илија Адамоски, Костадин Михајлоски и Шабан Ќемали.

2. Одбор за општествено-политички систем и народна одбрана:
а) за претседател: Љупчо Самоников;
б) за членови: Илија Сипковски, Стојан Пановски, Идризи Риза, Боро Мокров, Мито Теменугов, Стојан Бендевски, Лазар Ефтимов, Незир Незири, Трајче Попоски и Славе Паунов.

3. Одбор за општествен план и финансии:
а) за претседател: Ванчо Николовски;
б) за членови: Митко Мијалковски, Новко Ангелески, Миле Колев, Урош Андеевски, Ванчо Чучевски, Киџе Најдовски, Беџет Беџети и Кирил Михајловски — Груица.

4. Одбор за буџет и фондови:
а) за претседател: Рамо Шукри;
б) за членови: Абдула Османи, Радослав Михајловски, Костадин Михајлоски, Васко Теговски, Васо Костадинов и Аризан Несторовски — Марче.

5. Одбор за индустрија, градежништво и сообраќај:
а) за претседател: Нико Тодоровски;
б) за членови: Томислав Атанасовски, Ѓорѓи Русковски, Џоџа Николоски, Стојан Бендевски, Раде Петровски, Милош Димитров, Драгиша Лазовски и Славе Паунов.

6. Одбор за земјоделство и шумарство:
а) за претседател: Ѓорѓи Узуновски;
б) за членови: Павле Игновски, Риза Идризи, Јонче Теговски, Новко Цaневски, Бедри Османи, Томислав Атанасовски, Илија Рочески и Аризан Несторовски — Марче.

7. Одбор за стоков промет, угостителство и туризам:
а) за претседател: Трајан Хиохи;
б) за членови: Новко Цaневски, Стојче Ѓорѓиески, Новко Ангеловски, Душко Атанасовски, Драгиша Лазовски, Киро Базерко, Бошко Стефановски и Абдула Османи.

8. Одбор за урбанизам, станбени и комунални прашања:
а) за претседател: Стојан Трендов;
б) за членови: Боге Кузмановски, Раде Петровски, Тодорка Спироска, Душан Иванов, Душко Атанасовски, Меџаит Бислими, Борис Алексоски и Мирко Маринковски.

9. Одбор за просвета, наука и култура:
а) за претседател: Предраг Кушевски;
б) за членови: Лиман Положани, Кицо Најдовски, Драган Арсов, Димче Ивановски, Трајче Попоски, Ванчо Баламов, Душан Иванов и Киро Михајловски.

10. Одбор за социјално-здравствени прашања:
а) за претседател: Ванчо Цветковски;
б) за членови: Будимир Калајџиски, Спирко Ангеловски, Киро Димитриоски, Аце Ристевски, Димче Ивановски, Стојан Дејановски, Бурхан — Бурамедин Небиу и Мирко Маринковски.

11. Одбор за труд и трудови односи:
а) за претседател: Милка Таќева — Григориевиќ;
б) за членови: Гога Георгиевски, Ване Нечовски, Ѓорѓи Узуновски, Панче Ајдински, Евзи Мемети, Борис Алексоски, Смиле Петровски и Драган Арсов.

II. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1873
23 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**215.**

Врз основа на член 40 и 41 став 1 и 2 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 23/67), Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 23 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИ ОДБОРИ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Член 1

Стопанскиот собор ги има следните постојани одбори:

1. Одбор за општествен план и финансии;
2. Одбор за индустрија, рударство, градежништво и сообраќај;
3. Одбор за земјоделство и шумарство;
4. Одбор за трговија, угостителство, туризам и занаетчиство.

Член 2

Одборот за општествен план и финансии, следи претресува и проучува: системот на планирањето, претходните материјали во врска со подготвувањето на општествените планови и предлозите на општествените планови; извршувањето на општествените планови; извештаи и други материјали за состојбата, развитокот и движењето на стопанството; прашања од областа на кредитната и даночната политика и утврдува давачки во вид на придонеси, даноци и такси; прашања од областа на финансиите и финансирањето на општествените потреби, преку пресметки, фондови и финансиски планови; проблеми на проширената репродукција и остварувањето на развитокот на недоволно развиените краишта и општини и во врска со тоа финансирањето на овој развиток; проблеми во областа на општествениот производ и неговата расподелба, проблемите на доходот и неговата расподелба, личните доходи и фондовите во работните организации; предлози на закони и други акти по работите од својот делокруг; и други прашања сврзани со донесувањето и извршувањето на општествениот план и финансирањето. Исто така, Одборот предлага мерки и решенија за утврдување и извршување на политиката за развитокот на стопанството.

Одборот на Соборот му поднесува извештаи и други материјали за претрес.

Одборот се состои од претседател и најмалку 10 членови.

Член 3

Одборот за индустрија, рударство, градежништво и сообраќај следи, проучува и претресува: развитокот, условите за работењето, состојбата и проблемите на индустријата, рударството, градежништвото и сообраќајот; интеграционите процеси, инвестиционата изградба и модернизацијата во областа на индустријата, рударството, градежништвото и сообраќајот; состојбата и проблемите на увозот и извозот; прашања од областа на научно-истражувачките дејности; прашања на кадрите и потребата од кадри и запослување во овие области; состојбата и проблемите во областа на општествено-економските односи, расподелбата на доходот, самоуправните односи и друго во индустријата, рударството, градежништвото и сообраќајот; предлози на закони и други акти во работите од својот делокруг; и други прашања што се однесуваат на унапредување на производството и производните процеси. Исто така, Одборот предлага мерки и решенија за натамошен развиток и унапредување на организацијата на производството и стопанисувањето.

Одборот на Соборот му поднесува извештаи и други материјали од својот делокруг за претрес.

Одборот се состои од претседател и најмалку 10 членови.

Член 4

Одборот за земјоделство и шумарство следи, проучува и претресува: развојот, условите за работење, состојбата и проблемите на земјоделството и шумарството; интеграционите процеси, инвестиционата изградба и модернизацијата во областа на земјоделството и шумарството; состојбата и проблемите на увозот и извозот во овие области; прашања од областа на научно-истражувачките дејности; прашања на кадрите и потребата од кадри и запослување; состојбата и проблемите во областа на општествено-економските области, расподелбата на доходот, самоуправните односи и др. во земјоделството и шумарството; прашања од областа на искористувањето на земјиштето, водата и другите природни богатства; прашања сврзани со заштитата, осигурување и чување на земјиштето, добрата, растенијата и животните; предлози на закони и други акти по работите од својот делокруг; и други прашања што се однесуваат на унапредување на производството и производните процеси во земјоделството и шумарството. Исто така, Одборот предлага мерки и решенија за натамошен развиток и унапредување на организацијата на производството и стопанисувањето.

Одборот на Соборот му поднесува извештаи и други материјали од својот делокруг за претрес.

Одборот се состои од претседател и најмалку 10 членови.

Член 5

Одборот за трговија, угостителство, туризам и занаетчиство, следи, проучува и претресува: развитокот, условите за работење, состојбата и проблемите во трговијата, угостителството, туризмот и занаетчиството; интеграционите процеси, инвестиционата изградба и модернизацијата во областа на трговијата, угостителството, туризмот и занаетчиството; состојбата и проблемите на надворешнотрговската размена; прашања од доменот на научно-истражувачката активност во овие области; прашања на кадрите и потребата од кадри и запослување во овие области; состојбата и проблемите во областа на општествено-економските односи, расподелбата на доходот, самоуправните односи и др., во трговијата, угостителството, туризмот и занаетчиството; предлози на закони и други акти по работите од својот делокруг; и други прашања што се однесуваат на унапредување на прометот на стоки, угостителските, туристичките и занаетчиските услуги. Исто така, Одборот предлага мерки и решенија за натамошен развиток и унапредување на организацијата и работата во овие области.

Одборот на Соборот му поднесува извештаи и други материјали за претрес.

Одборот се состои од претседател и најмалку 10 членови.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува важноста на Одлуката за образување на постојани одбори на Стопанскиот собор на Собранието на СР Македонија, донесена на Осумнаесеттата седница на Стопанскиот собор на 11-V-1965 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1926
24 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**216.**

Врз основа на член 41 став 3 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на СР Македонија, Стопанскиот собор на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 23 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРИТЕ НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

1. За претседател на Одборот за општествен план и финансии пратеникот РИСТО ПЕТРОВСКИ;

за членови пратениците:
1) Перо Ганчевски,
2) Радој Стоилов,
3) Ванчо Серафимов,
4) Киро Докузовски,
5) Љупчо Аџимитревски,
6) Стојмир Домазетовски,
7) Илија Црвенковски,
8) Јаков Поповски,
9) Горчо Ѓеоргиевски,
10) Сретко Манески.

2. За претседател на Одборот за индустрија, рударство, градежништво и сообраќај пратеникот НИКОЛА МАЛИНОВ;

за членови пратениците:
1) Ацо Кочински,
2) Нове Новевски,
3) Пане Атанасовски,
4) Љубосав Иванов,
5) Киро Митевски,
6) Владо Поповски,
7) Милован Вучковски,
8) Благоја Козар,
9) Јонче Каневче,
10) Надежда Герасимова,
11) Благој Христов,
12) Андон Најдески,
13) Драгиша Божиновски,

14) Бранко Силјановски,
15) Стојмир Ширговски,
16) Томе Малевски.

3. За претседател на Одборот за земјоделство и шумарство пратеникот АЛИЈА БЕГОВСКИ;

за членови пратениците:
1) Атанас Каракамчев,
2) Јанко Михајлов,
3) Герасим Бојаџиев,
4) Никола Каранфиловски,
5) Перо Јорданов,
6) Душан Кузмановски,
7) Марин Миленковски,
8) Благоја Петрески,
9) Димитар Андреев,
10) Сејфедин Демири,
11) Фехни Хавзиу.

4. За претседател на Одборот за трговија, угостителство, туризам и занаетчиство пратеникот ЉУБЕН ДАВКО;

за членови пратениците:
1) Павле Георгиевски,
2) Игно Сретковски,
3) Даница Младеновска,
4) Ноне Варошлија,
5) Мелко Антовски,
6) Љубен Стефановски,
7) Марија Јакимовска,
8) Јонче Фотев,
9) Сами Гафури,
10) Киро Сименковски,
11) Тофил Јаковлевски.

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1925
24 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**217.**

Врз основа на член 40, став 1 од Деловникот на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 27 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИ ОДБОРИ И КОМИСИИ НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги има следните постојани одбори и комисии:
1. Одбор за општествено-економски односи,
2. Одбор за програмирање и координација,
3. Комисија за физичка култура,
4. Комисија за техничка култура.

Член 2

Одборот за општествено-економски односи во својот делокруг:
— ја следи, проучува и претресува сегашната општествено-економска положба во областа на образованието, науката и културата, и по прашањата од областа на самоуправувањето и распределбата на доходот во овие области му предлага на Соборот утврдување на политика и преземање на мерки;
— го следи разгледувањето на прашањата од општествено-економскиот систем од страна на другите надлежни собори на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, што се однесуваат и на работните луѓе и работните организации од областа на образованието, науката и културата и на Соборот му предлага ставови и мислења по тие прашања, со цел за полна интеграција на овие дејности во целокупниот систем на општествениот труд врз самоуправна основа;
— ги претресува сите предлози за донесување на закони, нацрти на закони, предлози на закони и други акти од својот делокруг и на Соборот му поднесува мислења и предлози по тие акти.
Одборот врши и други работи што ќе му бидат доверени од Соборот.
Одборот има претседател и 10 членови.

Член 3

Одборот за програмирање и координација во својот делокруг:
— ги следи и проучува сите прашања од областа на образованието, науката и културата што се сврзани и што се однесуваат на програмирањето работата на Соборот;
— подготвува краткорочни и долгорочни предлози на програми за работа на Соборот;
— го следи извршувањето на програмите за работа на Соборот и дава предлози за постојано дополнување на програмите со прашања од секојдневната практика од работата на работните организации и нивните асоцијации од областа на образованието, науката и културата. За таа цел Одборот одржува постојани контакти со сите надлежни и заинтересирани органи и организации;
— ги разгледува барањата од работните организации, стручните здруженија и други што се однесуваат на работата на Соборот и на Соборот му предлага мерки за нивното проучување на решавање.
Одборот врши и други работи што ќе му бидат доверени од Соборот.
Одборот има претседател и 10 членови.

Член 4

Комисијата за физичка култура во својот делокруг:
— ги следи, проучува и претресува прашањата од областа на физичката култура на народот и на Соборот му предлага утврдување политика и мерки во оваа област;
— посебно ги следи, проучува и претресува прашањата од областа на физичката култура на младината и на Соборот му предлага мерки за решавање на проблемите од оваа област;
— ги проучува и претресува предлозите за донесување на закони, нацрти на закони, предлози на закони и други акти од областа на физичката култура и на Соборот му дава свои предлози и мислења по тие акти;
— предлага донесување на закони и други акти од областа на физичката култура;
— изработува и поднесува нацрти и предлози на закони и други акти од областа на физичката култура.
Комисијата има претседател и 14 членови.
Претседателот и 7 членови на Комисијата се избираат од редот на пратениците на Соборот, а по еден член во Комисијата делегираат:

— Републичката конференција на ССРНМ;

— Републичкиот совет на синдикатите;

— Републичката конференција на Сојузот на младината на Македонија;

— Сојузот на организациите за физичка култура;

— Републичкиот завод за физичка култура;

— Републичкиот завод за унапредување на школството и

— Вишата школа за физичка култура.

Член 5

Комисијата за техничка култура во својот делокруг:

— ги следи, проучува и претресува прашањата од областа на техничката култура на народот и на Соборот му предлага утврдување на политика и мерки во оваа област;

— посебно ги следи, проучува и претресува прашањата од областа на техничката култура и општотехничкото образование на младината и на Соборот му предлага мерки во оваа област.

Комисијата има претседател и 12 членови.

Претседателот и 6 членови на Комисијата се избираат од редот на пратениците на Соборот, а по еден член во Комисијата делегираат:

— Републичката конференција на Сојузот на младината на Македонија,

— Републичкиот совет на Народна техника,

— Природно-математичкиот факултет,

— Педагошката академија — Скопје,

— Републичкиот завод за унапредување на школството,

— Стопанската комора на Македонија.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1912
28 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**218.**

Врз основа на член 42 и член 43 став 2 од Деловникот на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Просветно-културниот собор, на својата седница одржана на 27 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ ОДБОРИ И КОМИСИИ НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Одборот за општествено-економски односи се избираат:

1. за претседател: Ѓорѓи Кртев;

2. за членови: д-р Никола Узунов, Венче Станкоски, Муртезан Черкези, Душанка Бојановска, Глигор Тренчевски, Борис Брсаковски, Лазо Каровски, Ванчо Чавдарски, Сејфедин Сулејмани и Кирил Кулески.

II. Во Одборот за програмирање и координација се избираат:

1. за претседател: Димитар Шопов;

2. за членови: Цане Скерлевски, Русе Топузоски, Славка Георгиева — Андреевиќ, Борислав Мицков, Бранко Бунташески, Борислав Кулески, Живко Митевски, Осман Имери, Олга Филиповска и Мирко Крстески.

III. Во Комисијата за физичка култура од редот на пратениците на Соборот се избираат:

1. за претседател: Трајко Трпчевски;

2. за членови: Димитар Коруноски, Чедо Хаџиски, Гафур Муслиу, Трајко Крстески, Јован — Јоле Трајковски и Бранко Симоновски.

IV. Во Комисијата за техничка култура од редот на пратениците на Соборот се избираат:

1. за претседател Александар Смугрески;

2. за членови: Стојан Бубевски, Муртезан Черкези, Борис Брсаковски, Русе Топузоски, Мирко Крстески и Филип Филипоски.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1911
28 јуни 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**219.**

Врз основа на член 40 од Деловникот на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница, одржана на 28 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
### ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ОДБОРИ НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Социјално-здравствениот собор ги има следниве одбори:

1. Одбор за прашања од областа на социјалната заштита;

2. Одбор за прашања од областа на здравството и здравственото осигурување;

3. Одбор за здравствена заштита на мајки и деца;

4. Одбор за инвалидска и боречка заштита и пензиско осигурување.

Член 2

Одборот за прашања од областа на социјалната заштита, ги следи, проучува и претресува прашањата во врска со организацијата, финансирањето и унапредувањето на социјалната заштита, како и прашањата од самоуправувањето и економските односи во работните организации во областа на социјалната заштита, школувањето и стручното усовршување на кадрите во областа на социјалната заштита и други прашања од општ интерес за работните луѓе и работните заедници од областа на социјалната заштита.

Одборот се состои од претседател и најмалку 6 членови.

Член 3

Одборот за прашања од областа на здравството и здравственото осигурување, ги следи, проучува и претресува прашањата во врска со организаци-

јата, финансирањето и унапредувањето на здравството и здравственото осигурување, здравствената состојба и патологијата на населението, школувањето и стручното усовршување на здравствените работници, развојот и унапредувањето на самоуправните односи, осовременувањето на здравствената служба и здравствената заштита и сл.

Одборот се состои од претседател и најмалку 6 членови.

Член 4

Одборот за здравствена заштита на мајки и деца, ги следи, проучува и претресува прашањата од организацијата, финансирањето и унапредувањето на здравствената заштита на мајките и децата.

Одборот се состои од претседател и најмалку 6 членови.

Член 5

Одборот за боречка и инвалидска заштита и пензиско осигурување, ги следи, проучува и претресува прашањата во врска со боречката и инвалидската заштита и пензиското осигурување, како и развојот на самоуправните односи во оваа област.

Одборот се состои од претседател и најмалку 6 членови.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1880
28 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**220.**

Врз основа на член 42 од Деловникот на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 28 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРИТЕ НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За претседатели и членови на одборите на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

1. За претседател на Одборот за прашања од областа на социјалната заштита пратеникот РАДЕ ПЕТРОВСКИ. а за членови пратениците:

— д-р Владимир Петковски,
— Драги Гошевски,
— д-р Димитар Трпеноски,
— д-р Иван Галев,
— д-р Борис Герасимовски
— д-р Владимир Константиновски,
— д-р Драган Јаневски,
— д-р Милица Павловска,
— д-р Александар Анастасовски,
— д-р Ристо Манасиев,
— Душан Михајловски,
— д-р Јордан Никодиновски.

2. За претседател на Одборот за прашања од областа на здравството и здравственото осигурување пратеникот д-р МИЛЕ МИЛАНОВ, а за членови пратениците:

— д-р Никола Багевски,
— д-р Драгољуб Христовски,
— д-р Ѓорѓи Трендафиловски,
— д-р Милан Гаврилоски,
— д-р Стојка Манчева — Ќосева,
— д-р Никола Стојановски,
— д-р Тодор Јосифовски,
— д-р Василије Давидовски,
— д-р Душко Цветковски,
— д-р Петар Мостров,
— д-р Стојмир Велјановски,
— Милан Сланев.

3. За претседател на Одборот за здравствена заштита на мајки и деца пратеникот д-р МИЛЕНА ВЛАШКА, а за членови пратениците:

— д-р Јовица Јовановски,
— д-р Ангел Генадиев,
— д-р Милорад Младеновиќ,
— д-р Љупчо Доревски,
— д-р Славко Андоновски,
— д-р Панче Илиоски,
— д-р Милка Михова,
— д-р Симеон Ѓорѓиевски,
— д-р Диме Мешков,
— Виолета Арсенска,
— д-р Ердем Шабан,
— д-р Никола Караманов.

4. За претседател на Одборот за инвалидска и боречка заштита и пензиско осигурување пратеникот д-р ИЛИЈА ПУЗДЕРЛИСКИ, а за членови пратениците:

— Орде Кузмановски,
— д-р Владо Попов,
— д-р Мифтар Курти,
— д-р Љубен Георгиев,
— д-р Трајче Христов,
— д-р Никола Куновски,
— д-р Станка Гонева,
— д-р Даме Дамевски,
— д-р Крсто Здравевски,
— д-р Блажe Милошевски,
— д-р Никола Марковски,
— д-р Андон Кочев.

II

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1881
28 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**221.**

Врз основа на Уставниот амандман VII, точка 1, став 1 и 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, член 1 од Одлуката за начинот на работа на Соборот на општините и сходно член 42 од Деловникот на Републичкиот собор, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на општините, одржана на 28 мај 1969 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОБРАЗУВАЊЕ И СОСТАВ НА ПОСТОЈАНИ ОДБОРИ НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Соборот на општините ги има следниве одбори и комисии:

1. Одбор за материјална положба на општините и систем на финансирање на општествено-политичките заедници;
2. Одбор за општествено-политички систем и самоуправување во општините;
3. Одбор за внатрешна политика и народна одбрана;
4. Одбор за правосудство;
5. Одбор за републички буџет;
6. Мандатно-имунитетна комисија.

Член 2

Одборот за материјална положба на општините и систем на финансирање на општествено-политичките заедници, ги разгледува предлозите на закони и другите акти од областа на финансирањето на општествено-политичките заедници, материјалната основа на општините, изворите на приходи, даночната политика, комуналната и урбанистичката дејност и станбените односи, регионалните аспекти на развојот на општините и меѓуопштинската соработка; следи, претресува и проучува и други прашања од овие и други сродни области и на Соборот му поднесува извештаи со соодветни предлози и мислења.

Одборот се состои од претседател и осум членови.

Член 3

Одборот за општествено-политичкиот систем и самоуправувањето во општините, ги разгледува предлозите на закони и другите акти од областа на слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот во политичкиот систем, системот на општественото самоуправување, правата и должностите на општината и другите општествено-политички заедници и други прашања од општествено-политичкиот систем; прашања за образувањето и укинувањето на општините и утврдувањето и именувањето на нивните подрачја; следи, претресува и проучува и други прашања од овие и други сродни области и на Соборот му поднесува извештаи со соодветни предлози и мислења.

Одборот се состои од претседател и осум членови.

Член 4

Одборот за внатрешна политика и народна одбрана, ги разгледува предлозите на закони и другите акти од областа на народната одбрана и општествената самозаштита, јавната и државната безбедност, како и од областа на органите на управата; следи, претресува и проучува и други прашања од овие и други сродни области и на Соборот му поднесува извештаи со соодветни предлози и мислења.

Одборот се состои од претседател и осум членови.

Член 5

Одборот за правосудство, ги разгледува предлозите на закони и другите акти што се однесуваат на судовите, јавните обвинителства, јавните правобранителства, адвокатурата и другите видови правна помош и судиите за прекршоци; прашања од областа на општествената сопственост и земјишните и другите имотноправни односи; следи, претресува и проучува и други прашања од овие и другите сродни области и на Соборот му поднесува извештаи со соодветни предлози и мислења.

Одборот се состои од претседател и осум членови.

Член 6

Одборот за Републички буџет ги разгледува предлозите на закони и другите акти што се однесуваат на републичкиот буџет и завршната сметка за извршување на републичкиот буџет; следи, претресува и проучува и други прашања од овие и сродни области и на Соборот му поднесува извештаи со соодветни предлози и мислења.

Одборот се состои од претседател и шест членови.

Член 7

Мандатно-имунитетната комисија:

— ги разгледува изборните акти и ги испитува примените жалби против изборот на одделни пратеници и на Соборот му поднесува извештај со предлог за потврдување или поништување на пратеничкиот мандат;

— ги испитува основите за престанок на одделен пратенички мандат пред истекот на времето за кое е избран пратеникот и на Соборот му поднесува извештај;

— ги претресува сите прашања во врска со имунитетот на членовите на Соборот и му поднесува извештај на Соборот, а ако Соборот не одржува седница, дава одобрение за лишување од слобода и за започнување на постапка односно за продолжување на кривичната постапка против член на Соборот, одлучува за воспоставувањето правата на членовите на Соборот и на Соборот затоа му поднесува извештај.

Мандатно-имунитетната комисија се состои од претседател и четири членови.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1863
29 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**222.**

Врз основа на Уставниот амандман VI, точка 1, став 3, алинеја 7 и член 19 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен весник на СРМ" бр. 42/65), по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 23 мај 1969 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 28 мај 1969 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ВО ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

I. За судии на Окружниот суд во Скопје се избираат:

1. Евгени Поп Ацев;
2. Петар Најданов;
3. Миладин Стојанов; и
4. Слободан Жераиќ, сите судии на Општинскиот суд — Скопје II.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1864
3 јуни 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**223.**

Врз основа на член 11 став 1 и член 13 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ" бр. 9/67), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 23 мај 1969 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 28 мај 1969 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## ЗА ОБРАЗУВАЊЕ МАТИЧНА КОМИСИЈА ЗА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД — СКОПЈЕ

I. Со цел за продолжување работата на Геолошкиот завод — Скопје, како научна установа согласно Законот за организирање на научните дејности, се образува Матична комисија од седум члена.

— Во Матичната комисија се именуваат:

1. д-р Петар Стефановиќ, член на Српската академија на науките — редовен професор на Геолошко-рударскиот факултет — Белград;
2. д-р Стеван Карамата — дипломиран инж. геолог — редовен професор на Геолошко-рударскиот факултет — Белград;
3. д-р Никола Пантиќ — дипломиран геолог, дописен член на Српската академија на науките — редовен професор на Геолошко-рударскиот факултет — Белград;
4. д-р Тошо Митров — директор на Заводот за геотехника и редовен професор на Архитектонско-градежниот факултет — Скопје;
5. д-р Петар Серафимов — член на Македонската академија на науките — редовен професор на Архитектонско-градежниот факултет — Скопје;
6. д-р Владимир Маер — дипломиран руд. инж. — декан на Рударско-геолошкиот факултет — Загреб; **и**
7. д-р Ристо Стамболиев — дипломиран инж. технолог — редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет — Скопје.

II. Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1750
29 мај 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**224.**

## ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ПОВТОРНИОТ ИЗБОР НА ПРАТЕНИК ВО СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

ДО
СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, откако ги прими изборните акти од повторниот избор на пратеник во Соборот на општините во изборната единица БЕРОВО, врз основа на членовите 166 и 158 и во врска со член 149 став 3 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Соборот на општините му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПОВТОРНИОТ ИЗБОР НА ПРАТЕНИК НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА БЕРОВО

1. Во изборната единица БЕРОВО на 23 април 1969 година, едно пратеничко место остана непотполнето и поради тоа, согласно член 157 став 2 од Законот за избор на пратеници на Собранието, се повтори целата изборна постапка за избор на уште еден пратеник.

2. Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија распиша повторен избор за 2 јуни 1969 година.

3. Изборот на уште еден пратеник за Соборот на општините на Собранието, во изборната единица БЕРОВО се изврши на 2 јуни 1969 година на седница на Општиот собор и тоа за кандидатите чии кандидатури беа потврдени од Општинската изборна комисија — Берово.

4. Изборот на пратеник во Соборот на општините на Собранието во изборната единица БЕРОВО се спроведе во склад со соодветните одредби од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

5. Општинската изборна комисија — Берово, откако ги прими изборните акти од Општиот собор на Општината Берово, истите ги прегледа, изврши пребројување на гласачките ливчиња и го утврди следниов резултат:

Во изборната единица Берово од 140 членови на Општиот собор, на 2 јуни 1969 година во повторниот избор за уште еден пратеник во Соборот на општините на Собранието, гласале 109 членови, од кои:

За кандидатот Јован Рецовски 46,
За кандидатот Љупчо Кафециски 49
Неважни гласачки ливчиња има 14.

Општинската изборна комисија врз основа на член 157 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, за избран пратеник го прогласи ЉУПЧО КАФЕЦИСКИ, од Берово.

6. Во прилог кон овој Извештај, на Соборот на општините му се доставуваат и изборните акти од повторниот избор на пратеник во изборната единица БЕРОВО.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски**, с.р.
Претседател, **Киро Диковски**, с. р.

---

**225.**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ПОВТОРНИОТ ИЗБОР НА ПРАТЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ**

ДО
РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Скопје

Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, откако ги прими изборните акти за повторниот избор од Општинската изборна комисија — Охрид, во смисла на член 166, а во врска со член 120 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Републичкиот собор на Собранието му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ
ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ПОВТОРНИОТ ИЗБОР НА ПРАТЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА ОХРИД II

1. На 13 април 1969 година, во изборната единица ОХРИД II за избор на пратеник на Републичкиот собор, не беше извршен избор. Поради тоа Општинската изборна комисија — Охрид распиша повторни избори за 8 јуни 1969 година.

2. Општинската изборна комисија од предлагачите прими 7 предлог — кандидатури. Истата сите ги потврди, а Републичката изборна комисија ги објави имињата на кандидатите со Објава бр. 364 од 2 јуни 1969 година.

3. Во изборната единица ОХРИД II, избирачите гласаа за 6 потврдени кандидатури од страна на Општинската изборна комисија. Еден кандидат чија кандидатура беше потврдена се откажа од истата во определениот рок.

4. Повторниот избор се изврши во склад со одредбите од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

5. Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — Охрид, го утврди резултатот од повторниот избор во изборната единица ОХРИД II.

6. Резултатот од повторниот избор во изборната единица ОХРИД II е следен:

Во изборната единица ОХРИД II од запишаните 10.305 избирачи гласале 6.196 од кои:
Кандидатот Ристе Сидор доби 1.427
Кандидатот Владо Војдан доби 767
Кандидатот Илче Георгиевски доби 1.178
Кандидатот Стојан Стојановски доби 799
Кандидатот Рефик Мусли — Фику доби 431 и
Кандидатот Решад Бајрам доби 1.052 гласа.
Неважни гласачки ливчиња има 542.

Општинската изборна комисија — Охрид утврди дека е за пратеник избран РИСТЕ СИДОР, од Охрид што добил најголем број на гласови.

7. Поднесувајќи го Извештајов, Републичката изборна комисија на Републичкиот собор на Собранието му ги доставува изборните акти што се однесуваат на повторниот избор во изборната единица ОХРИД II.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски**, с. р.
Претседател, **Киро Никовски**, с.р.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за републичките административни такси, објавен во „Службен весник на СРМ" бр. 14/69, се поткраднале грешки поради што се дава

ИСПРАВКА

НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

1. Во тарифен број 4, забелешка 1, наместо зборот „емигранти" треба да стои зборот „бегалец".

2. Во тарифен број 5, став 1, точка 2, во потточката „а" и „в" зборовите „или тражи" треба да се бришат; потточката „ж" и целиот ред заедно со износот треба да се бришат; а во точката 2 од забелешката наместо зборот „емигрант" треба да стои зборот „бегалец".

3. Во тарифен број 18, став 3, наместо првата бројка „2" треба да стои бројката „1".

4, Во тарифен број 21 точка 1, испуштен е износот од 4 динари.

5. По точката 5 од забелешката на тарифниот број 24, треба да стојат зборовите „тарифен број 25".

6. Во тарифен број 25, точка 4, ред 1, наместо зборот „на" треба да стои зборот „за"; а во точката 3, ред 2 од забелешката бројката „2" треба да се брише.

7. Во тарифниот број 28, по став 1, треба да стојат зборовите „тарифен број 29.

8. Во тарифен број 33, по точката 5, треба да се бришат зборовите „алтернатива, тарифен број 33 да се брише.

9. Во тарифниот број 37, во точка 2, ред 4 од забелешката наместо зборот „целина" треба да стои зборот „цела"; а во точка 4, ред 1, по зборот „такса" треба да стои зборот „не".

10.Во тарифен број 38, испуштен е износот од 2 динари.

Бр. 778
20 мај 1969 година
Скопје

ОД ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

# Огласен дел

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. XI. 1968 година, страна 344, реден број 1 е запишано основањето на Погонот со самостојна пресметка, со седиште во Штип. Предмет на работењето на погонот е трговија на големо и мало со земјоделски, прехранбено-колонијални и индустриски стоки.

Погонот е основан од Трговското претпријатие на големо и мало „Универзал-инвест" од Скопје.

Раководител на погонот е Душко Блажев Манев, кој е овластен да го претставува и потпишува истиот.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на претпријатието од 11. III. 1968 година и записникот на Санитарната инспекција на Собранието на општината Штип од 11. VII. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 514/68. (276)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. XI. 1968 година, страна 344, реден број 1 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Штип, ул. „Христијан Карпош" бб.

Продавницата ќе врши продажба на колонијални, прехранбени, деликатесни и индустриски производи.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на големо и мало „Универзал-инвест" од Скопје.

Раководител на продавницата е Милица Соколова, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на претпријатието.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа на заклучокот на работниот колектив на претпријатието од 15. V. 1968 година и дозволата бр. 0301-3791 од 20. IX. 1968 година за употреба на објектот на Одделението за урбанизам и комунално-станбени прашања на Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 514/68. (277)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, страна 323, реден број 4 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Штип, ул. „Маршал Тито" бр. 46.

Продавницата ќе врши продажба на бои и лакови, хемиски средства, препарати, вештачки ѓубрива и лозаро-овоштарски прибор.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на големо и мало „Универзал" од Штип.

Раководител на продавницата е Ристо Николов, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на претпријатието.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. 01-578/1 од 19. VII. 1968 година на Советот на работната заедница и записникот на Санитарната инспекција на Собранието на општината Штип од 18. VII. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 390/68. (278)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, страна 323, реден број 3 е запишано основањето на Продавница, со седиште во Штип, ул. „8 Ноември" бр. 33.

Продавницата ќе врши продажба на безалкохолни пијалоци, овошје, млечни и чоколадни производи и бонбони.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на големо и мало „Универзал" од Штип.

Раководител на продавницата е Менча Аџијанева, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на претпријатието.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. 01-578/1 од 19. VII. 1968 година на Советот на работната заедница и записникот од 18. VII. 1968 година на Санитарната инспекција на Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 395/68. (279)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, страна 323, реден број 5 е запишано основањето на Продавница број 4, со седиште во село Чардаклија, Штипско.

Продавницата ќе врши продажба на прехранбени артикли, алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на големо и мало „Универзал" од Штип.

Раководител на продавницата е Кираџа Штерјова, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на претпријатието.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. 01-578/1 од 18. VII. 1968 година на Советот на работната заедница и записникот од 18. VII. 1968 година на Санитарната инспекција на Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 396/68. (280)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. XII. 1968 година, страна 323, реден број 6, е запишано основањето на Продавница, со седиште во Штип, ул. „89" бр. 6.

Продавницата ќе врши промет со прехранбени, колонијални и селскостопански производи.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на големо и мало „Универзал" од Штип.

Раководител на продавницата е Тодорка Наумова, која не е овластена да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на претпријатието.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. 01-578/1 од 19. VII. 1968 година на Советот на работната заедница и записникот од 18. VII. 1968 година на Санитарната инспекција на Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 508/68. (281)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. XII. 1968 година, рег. бр. 1/65, книга I, е запишана под фирма: Продавница за прехранбени стоки „Довлеџик" — Битола, ул. „Довлеџик" бр. 9, на Трговското претпријатие „Разнопромет" од Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на деликатесни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, производи на база на шеќер и какао, производи за куќни потреби и др. од регистрираната дејност на претпријатието.

Раководител на продавницата е Томовски Борис.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Разнопромет" од Битола, со одлуката на работничкиот совет од 4. VI. 1968 година и решението на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 579/68. (310)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 31. XII. 1968 година, рег. бр. 1/59, книга IV е запишана под фирма: Продавница за риби број 6 во Битола на Рибарското претпријатие „Шаран" — Сирхан — Ресенско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на риби.

Раководител на продавницата е Андреевски Владимир.

Продавницата е основана од Рибарското претпријатие „Шаран" — Сирхан — Ресенско, со одлуката бр. 02-653/1 од 12. XII. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 10-8654/1 од 13. XII. 1968

година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 585/68. (311)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. XII. 1968 година, рег. бр. 4/57, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Дојран", на Земјоделската задруга „Златен клас" од с. Новаци. Предмет на работењето на продавницата е продажба на овошје и зеленчук.

Раководител на продавницата е Крстевски Вангел.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Златен клас" од село Новаци, со одлуката бр. 04-653 од 1. IX. 1967 година на задружниот совет и решението бр. 10-56/68 од 27. VIII. 1968 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 553/68. (312)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 18. XII. 1968 година, рег. бр. 20/55, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „Цар Самуил" бр. 57, на Земјоделската задруга „Јанко Колевски", с. Ивени. Предмет на работењето на продавницата е продажба на месо и месни производи.

Раководител на продавницата е Нешковски Димче.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Јанко Колевски", с. Ивени, со одлуката бр. 101 од 24. IV. 1968 година на управниот одбор и решението бр. 10-56/9 од 10. V. 1968 година на санитарниот инспектор на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува Цветковски Јордан и Влашевски Васил.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 566/68. (314)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. XI. 1968 година, рег. бр. 9/61, книга I е запишана под фирма: Продавница во Битола, ул. „15 мај" бр. 21, на Претпријатието за ремонт и поправка на земјоделски машини „Механика" — Битола. Предмет на работењето на продавницата е продажба на резервни, моторни делови и материјали, како и опрема за земјоделската механизација, готови возила и резервни делови, земјоделска механизација, гуми и други технички стоки, на големо и мало.

Раководител на продавницата е Христовски Владимир.

Продавницата е основана од Претпријатието „Механика" од Битола, со одлуката на работничкиот совет од 14. III. 1968 година и потврдата бр. 08-7593/1 од 7. X. 1968 година на Одделението за стопанство и планирање на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 511/68. (313)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. XII. 1968 година, рег. бр. 83/55, книга I е запишана под фирма: Продавница број 2 во село Ивањевци, на Земјоделската задруга „Македонија" од село Долно Српци. Предмет на работењето на продавницата е промет со колонијални стоки, куќни потреби и др. од регистрираната дејност на задругата.

Раководител на продавницата е Јошевски Трајан.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Македонија", село Долно Српци, со одлуката бр. 307 од 9. XI. 1968 година на работната заедница и потврдата бр. 08-8792/1 од 27. XI. 1968 година на Трудовата инспекција на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 561/68. (315)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. XII. 1968 година, рег. бр. 5/56, книга II, е запишана под фирма: Продавница — самопослуга бр. 2 во Прилеп, ул. „Јане Сандански" бб, на Трговското претпријатие „Народен магазин" од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови прехранбени артикли и предмети за куќни потреби, индустриски колонијални стоки, пресно месо, сувомесни производи, млечни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, цигари и кибрит, леб, емајлирани садови, порцелан, стаклени производи, производи од пластика, парфимерија и други куќни потреби.

Раководител на продавницата е Симоновски Илија.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Народен магазин" од Прилеп, со одлуката бр. 2214/3 од 12. X. 1968 година на работничкиот совет и уверенијата на пазарниот, санитарниот, трудовиот и ветеринарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 537/68. (316)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. XII. 1968 година, рег. бр. 23/55, книга II е запишано под фирма: Бифе број 1 во село Витолиште, на Земјоделската задруга „Трибор" од село Витолиште. Предмет на работењето на бифето е угостителска дејност.

Раководител на бифето е Ристе Делиновски.

Бифето е основано од Земјоделската задруга „Трибор" од село Витолиште, со одлуката бр. 385 од 5. XII. 1968 година на задружниот совет и уверенијата на пазарниот, санитарниот и трудовиот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Бифето ќе го потпишува лицето што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 461/68. (317)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. XII. 1968 година, рег. бр. 14/55, книга II е запишана под фирма: Бензинска помпа број 1 во Прилеп, на Трговското претпријатие „Јасен" од Прилеп. Предмет на работењето на бензинската помпа е продажба на нафта и нафтени деривати.

Раководител на бензинската помпа е Петар Ивановски.

Бензинската помпа е основана од Трговското претпријатие „Јасен" од Прилеп, со одлуката бр. 2329/1 од 13. XII. 1968 година на работничкиот совет и уверенијата на пазарниот, санитарниот и трудовиот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Бензинската помпа ќе ја потпишува лицето што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 563/68. (318)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. XII. 1968 година, рег. бр. 5/59, книга II, е запишана под фирма: Продавница број 1 во село Ма-

жучишта, на Земјоделската задруга „Слога“ од село Мажучишта. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сточна храна и мелнички преработки.

Раководител на продавницата е Николовски Тоде.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Слога“ од село Мажучишта, со одлуката бр. 280/3 од 5. XII. 1968 година на задружниот совет и решенијата на пазарната, санитарната и трудовата инспекција на Собранието на општината Прилеп.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 552/68. (319)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. XII. 1968 година, рег. бр. 40/68, книга II, е запишана под фирма: Работничка менза во Ресен, на Синдикалната подружница при „Југо-тутун“ — здружено претпријатие — Скопје, Организација во состав — Ресен. Предмет на работењето на мензата е укажување угостителски услуги — приготвување топли јадења за работниците членови на синдикалната подружница, држање и продажба на ладни сувомесни производи (конзерви), безалкохолни пијалоци, а од алкохолните само пиво.

Мензата е основана од Синдикалната подружница на Југо-тутун“ — Скопје, Организација во состав Ресен, со одлуката бр. 3 од 10. I. 1968 година на Извршниот одбор и уверението на Одделението за стопанство на Собранието на општината Ресен.

Мензата ќе ја потпишува Лазаревски Мице Боре, раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 574/68. (320)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 3. XII. 1968 година, рег. бр. 34/68, книга II, е запишана под фирма: Продавница во село Лабуништа, на Универзалното претпријатие „Солидарност“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба, на мало, на колонијални стоки.

Раководител на продавницата е Петрески Наум.

Продавницата е основана од Универзалното претпријатие „Солидарност“ од Скопје, со одлуката бр. 945 од 23. XI. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 08-596/138 од 23. XI. 1968 година на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 548/68. (321)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. XII. 1968 година, рег. бр. 123/55, книга II, е запишана под фирма: Продавница — трафика во Струга, ул. „ЈНА“ бб, на Инвалидското претпријатие „Прилеп“ од Прилеп. Продавницата ќе врши трговска дејност, на мало, на цигари, кибрит, таксени, судски и поштенски вредносници, разни обрасци и разна друга ситна стока од регистрираната дејност на матичното претпријатие.

Раководител на продавницата е Исмаил Муртиш.

Продавницата е основана од Инвалидското претпријатие „Прилеп“ од Прилеп, со одлуката бр. 02-417/1 од 20. XII. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 08-717/1 од 19. XII. 1968 година на Одделението за инспекциски служби на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 569/68. (322)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 24. XII. 1968 година, рег. бр. 22/61, книга II, е запишана под фирма: Продавница во Струга, ул. „Маршал Тито“, на Земјоделско-прехранбениот комбинат „Струшко Поле“ од Струга. Предмет на работењето на продавницата е продажба на свежо месо, сувомесни и млечни производи, како и живина.

Раководител на продавницата е Чороски Васил.

Продавницата е основана од Земјоделско-прехранбениот комбинат „Струшко Поле“ од Струга, со одлуката бр. 02-2611/2 од 1. IX. 1968 година на работничкиот совет и решението на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што го потпишува комбинатот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 575/68. (323)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. XII. 1968 година, рег. бр. 38/68, книга II, е запишана под фирма: Продавница во село Мороишта, на Универзалното претпријатие „Солидарност“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е обавување трговска дејност, продажба на мало на прехранбени артикли и предмети за домашни потреби, мелнички преработки, деликатесни (освен сувомесни) производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци и мешана индустриска стока во мал обем.

Раководител на продавницата е Карамачовски Крсте.

Продавницата е основана од Универзалното претпријатие „Солидарност“ од Скопје, со одлуката бр. 945 од 23. XI. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 08-715/158 од 24. XII. 1968 година на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 576/68. (324)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. XII. 1968 година, рег. бр. 37/68, книга II е запишана под фирма: Продавница во село Шум, на Универзалното претпријатие „Солидарност“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба, на мало, на прехранбени артикли, предмети за домашни потреби, мелнички преработки, деликатесни производи (освен сувомесни производи), алкохолни и безалкохолни пијалоци и мешана индустриска стока во помал обем.

Раководител на продавницата е Исмаили Ајруш Адем.

Продавницата е основана од Универзалното претпријатие „Солидарност“ од Скопје, со одлуката бр. 945 од 13. XI. 1968 година на работничкиот совет и решението бр. 08-722/159 од 24. XII. 1968 година на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 577/68. (325)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. XII. 1968 година, рег. бр. 39/68, книга II е запишана под фирма: Крчма во село Вевчани, на Производното трговско и угостителско претпријатие „Грозд“ од Струмица. Предмет на работењето на крчмата е обавување на угостителска дејност — точење на алкохолни и безалкохолни пијалоци и продажба на истите, на мало.

Раководител на крчмата е Владо Костојчески.

Крчмата е основана од Производното трговско и угостителско претпријатие „Грозд“ од Струмица, со одлуката бр. 6301 од 3. X. 1968 година на работничкиот совет и решението на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Струга.

Крчмата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 580/68. (326)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 121, страна 317, книга I, е запишана под фирма: Трговско претпријатие, на мало, со мешани индустриски и колонијални стоки „Пролетер" — Неготино — Продавница во село Тимјаник. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мешани стоки, на мало.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие, на мало, со мешани индустриски и колонијални стоки „Пролетер" — Неготино, со одлуката бр. 389/1 од 12. X. 1967 година.

Раководител на продавницата е Владо Стефанов Николов.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1075 од 13. XI. 1967 година. (636)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 302, страна 133, книга II, е запишана под фирма: Комбинат за производство на фискултурни реквизити „Спорт" — Белград — Продавница број 31 во Куманово, улица „Иво Рибар — Лола" бр. 14. Предмет на работењето на продавницата е продажба, на мало, на сите производи на Комбинатот „Спорт" — Белград, како и продажба на производи од други производители поради дополнување на асортиманот.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Комбинатот за производство на фискултурни реквизити „Спорт" — Белград, со одлуката бр. 3789/3 од 19. IX. 1967 година.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Цветковски Мирослав, раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 967 од 29. IX. 1967 година. (1721)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 16, страна 61, е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Мерис", село Студеничани — Продавница во село Морани. Предмет на работењето на продавницата е промет, на мало, со земјоделско-прехранбени производи, преработка на земјоделски производи и индустриска и колонијална стока.

Продавницата е основана од задружниот совет на Земјоделската задруга „Мерис", село Студеничани, со одлуката бр. 02-203/4 од 15. II. 1968 година.

Раководител на продавницата е Алију Бедри Кемал.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 848 од 31. VII. 1968 година. (1726)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1153, страна 797, книга V, е запишано следното: Фирмата на Посредничкото и издавачкото претпријатие „Гевара" — Скопје, согласно одлуката бр. 03-162/1968 година на советот на работната заедница се менува и гласи: Издавачко претпријатие „Епоха" — Скопје, ул. „221" бр. 1а.

Со горецитираната одлука на Издавачкото претпријатие „Епоха" — Скопје се брише посредничката дејност, така што истото ќе ја обавува регистрираната дејност и тоа: издавање на книги од областа на поезијата, прозата и есеистиката, како и да врши продажба на својата и туѓа уметничка и стручна литература.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 859 од 31. VII. 1968 година. (1734)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 663, страна 1375, книга V, е запишано следното: Дејноста на „Семе-Вардар" — специјализирано семенско претпријатие увоз-извоз, Скопје, согласно одлуката број 0201-2197 од 16. V. 1968 година на работничкиот совет и елаборатот за економска оправданост се проширува и со: вршење купопродажба и посредување на сите видови нова и половна опрема (механизација) и сите приклучни машини, репроматеријали и други материјали и опрема наменети за земјоделството, сточарството, шумарството, водостопанството и електростопанството; врши купопродажба и посредување на сите видови овошје и зеленчук, на сите видови сланутоk, анасан и други производи што произлегуваат од оваа гранка, сите видови сточна храна, сите видови преработки од жита — брашно, трици и др., сите видови сточни производи и сета жива стока, живина и сите видови производи од живинарството, на сите видови градежен материјал; врши купопродажба и посредување на сите видови индустриски алкохолни и безалкохолни пијалоци, на сите видови моторни возила, резервни делови како и сите видови гуми за сите видови возила и механизација, купопродажба и посредување на сите видови опрема, инструменти и репроматеријали и секакви материјали наменети за медицината и ветеринарството, бои, лакови и други хемиски производи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 772 од 19. VIII. 1968 година. (1765)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 31, страна 81, книга I, е запишано следното: Досегашниот потписник на Трговското претпријатие, на големо „Ангроснабдител" — Куманово, Петковска Бранка, е разрешена како потписник, сметано од 20. III. 1968 година.

За нов потписник на Трговското претпријатие на големо „Ангроснабдител" — Куманово е назначен Цеков Златан, шеф на сметководството, кој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Борко Максимовски, директор, сметано од 20. III. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 353 од 23. VIII. 1968 година. (1787)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. IV. 1968 година, страна 119, реден број 3, е запишано следното: Претпријатието за дрвна и метална галантерија „Напредок" од Пехчево, со своето превозно средство — камионот ќе врши превозни услуги и на следните претпријатија: Шумско индустриското стопанство — Пехчево, „Црвена ѕвезда" — керамидна фабрика — Пехчево, „Прогрес" — трговско претпријатие — Пехчево и Претпријатието за обработка на тутун — Кочани — Самостоен погон — Пехчево.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 54 од 11. IV. 1968 г. на работничкиот совет на претпријатието и договорот за деловна соработка број 1 од 4. IV. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 177/68. (1802)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. VII. 1968 година, страна 308, реден број 20, е запишано ставањето под присилна управа на Тргов-

ското претпријатие, на мало и големо, со мешани стоки „Црни врв“ од Пробиштип.

За присилен управник е назначен Јанко Миновски.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа решението бр. 01-1094/1 од 30. V. 1968 год. на Собранието на општината Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 345/68. (1831)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. VII. 1968 година, страна 310, реден број 1, е запишано основањето на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Брегалница“ — Виница — Самостоен погон „Плачковица“, со седиште во село Јакимово, Кочанско.

Самостојниот погон ќе ги врши следните дејности: земјоделско производство на сопствени површини, одгледување и развивање на сточарството, кооперација со индивидуалните земјоделски производители во земјоделството, сточарското и др. производство, снабдување со репроматеријали, сточна храна и др., откуп на земјоделски, сточарски и др. производи и нивна реализација, откуп и продажба на добиток, откуп и продажба на лековити растенија, услуги преку машински парк и механичка работилница, вршење на мелнички услуги, лупштење и преработка на ориз, управување со води, трговија со прехранбени и индустриски производи, угостителска дејност, преработка и продажба на месо и месни производи, вршење занаетчиски дејности и организира штедна служба.

Директор на самостојниот погон е Борис Петров Христов, кој е овластен да го претставува и потпишува.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа на одлуките на задружните совети на земјоделските задруги: „Задругар“ — Виница, „Лиљак“ — с. Истибање и „Плачковица“ — с. Јакимово.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 304/68. (1826)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. VII. 1968 година, страна 323, реден број 2, е запишано следното: За шеф на сметководството на Трговското претпријатие на големо и мало „Универзал“ од Штип е именувана Зорка Кожухарова. Истата е овластена да ја потпишува жиро-сметката на претпријатието поединечно со директорот Миланчо Димов.

Второовластениот потписник на Трговското претпријатие на големо и мало „Универзал“ од Штип, Зорка Кожухарова, е запишан во регистарот, врз основа на одлуката бр. 02-479/1 од 8. VII. 1968 година на работната заедница на претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 365/68. (1853)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 670, страна 949, книга II, е запишано следното: Кон „Агромеханика“ — претпријатие за снабдување на земјоделието на големо и мало и одржување на земјоделската механизација — Скопје се припојува Специјализираното претпријатие за снабдување на земјоделството „Агропромет“ од Струмица, согласно одлуките на колективите и елаборатот за економска оправданост.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 809 од 17. IX. 1968 година. (1877)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. VII. 1968 година, рег. бр. 123/55, книга II, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Божиновски Љубен, досегашен директор на Инвалидското претпријатие „Прилеп“ од Прилеп.

Се овластува Филиповски Димче, директор, да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 318/68. (1927)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 8. VIII. 1968 година, рег. бр. 31/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница број 14 во Битола на улица „Никола Тесла“ бр. 68, на Индустријата за намештај „20 Октомври“ од Белград. Предмет на работењето на продавницата е продажба на намештај.

Раководител на продавницата е Филипов Ангел.

Продавницата е основана од Индустријата за намештај „20 Октомври“ од Белград, со одлуката на работничкиот совет од 17. V. 1968 година и решението бр. 08-5528/1 од 12. VII. 1968 година на Трудовата инспекција на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и индустријата за намештај.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 369/68. (1937)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, рег. бр. 32/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница во село Жван, на Трговското претпријатие на големо и мало „Моша Пијаде“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е промет со колонијални стоки, електроуреди, текстил и железарски стоки.

Раководител на продавницата е Крстевски Живко.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на големо и мало „Моша Пијаде од Скопје, со одлуката бр. 01-533 од 3. VI. 1968 година на работната заедница и решението на санитарниот инспектор на Собранието на општината Демир Хисар.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 380/68. (1938)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. VIII. 1968 година, рег. бр. 33/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница во Слепче на Трговското претпријатие, на големо и мало, „Моша Пијаде“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е промет со колонијални стоки, електроуреди, текстил и железарски стоки.

Раководител на продавницата е Дамчевски Јонче.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие на големо и мало „Моша Пијаде“ од Скопје, со одлуката број 01-540 од 3. VI. 1968 година на работната заедница и решението на санитарниот инспектор на Собранието на општината Демир Хисар.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 379/68. (1939)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 21.X.1966 година, рег. бр. 112/55, книга II е запишано следното: Се проширува дејноста на Печатницата „11 Октомври“ — од Прилеп уште со сликање и изработување на фотографии за лични карти на населението и други фотографски услуги.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 694 од 7.X.1966 година на работничкиот совет на Печатницата „11 октомври“ од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 382/66. (1631)

# КОНКУРСИ

КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА
на Одделението за детски тбц и белодробни заболувања при Градската општа болница — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место шеф на лабораторија во Одделението за детски тбц и белодробни заболувања.

Услови:

Кандидатот да има средна стручна спрема, положен стручен испит и 10 години стаж во струката.

Кандидатите со пријавите за конкурирање потребно е да ги достават следните документи и тоа: документ за завршена средна стручна спрема, уверение за положен стручен испит, докумет за стажот, лекарско уверение и уверение за државјанство.

Некомплетирани пријави со потребните документи нема да бидат разгледувани од страна на конкурсната комисија.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето.

Пријавите се поднесуваат до персоналната служба на Градската општа болница — Скопје, ул. „11 Октомври" бр. 53.

Од Конкурсната комисија (548)

---

Согласно со членот 7 од Правилникот за работни односи, работната заедница на Деловното здружение „Македонија — вино" — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место ВИШ САМОСТОЕН КОМЕРЦИЈАЛИСТ во секторот за семе, меркантил, вештачки ѓубрива, садници, сточна храна и концентрати.

Услови:

Висока наобразба (инж. агроном или економист). Работна пракса 5 години во комерцијалната работа — надворешна трговија.

Личниот доход според правилникот за распределба на личните доходи на Здружението.

Конкурсот трае 15 дена по објавувањето во „Службен весник на СРМ."

Од Работната заедница на здружението 549

---

Конкурсната комисија при Окружниот стопански суд во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работните места:
1) еден административен работник
2) три дактилографа од I класа

Услови:

Под 1) завршено средно образование и најмалку 3 години на практика.

Под 2) завршено осумгодишно училиште и дактилографски курс како и работна практика најмалку 3 години.

Молбите таксирани со 0,50 дин. таксени марки и потребните документи, се доставуваат до Конкурсната комисија на судот.

Нецелосно поднесените документи нема да бидат разгледани.

Молбите ќе бидат разгледани на третиот ден по истекот на рокот на конкурсот, во 8 часот.

Кандидатот, покрај посебните услови по конкурсот, треба да ги исполнува и општите услови по Општиот закон за работните односи.

Личниот доход според Правилникот на судот.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето.

## СОДРЖИНА

Страна

211. Одлука за образување на Комисија за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — 489
212. Одлука за избор на претседател, потпретседател и членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — 489
213. Одлука за разрешување и избор на претседател и членови на комисијата за утврдување предлог за дополнување на Деловникот на Собранието на СРМ и на деловниците на неговите собори — — — 490
214. Одлука за избор на претседател и членови на постојаните одбори на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — 491
215. Одлука за образување на постојани одбори на Стопанскиот собор на Собранието на СРМ — — — — — — — — — 491
216. Одлука за избор на претседател и членови на одборите на Стопанскиот собор на СРМ — — — — — — — — — 492
217. Одлука за образување на постојани одбори и комисии на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — 493
218. Одлука за избор на претседатели и членови на постојаните одбори и комисии на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 494
219. Одлука за образување одбори на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија 494
220. Одлука за избор на претседатели и членови на одборите на Социјално-здравствениот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — 495
221. Одлука за образување и состав на постојани одбори на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — 496
222. Одлука за избор на судии на Окружниот суд во Скопје — — — — — — — 497
223. Одлука за образување Матична комисија за Геолошкиот завод — Скопје — 497
224. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатот од повторниот избор на пратеник во Соборот на општините на Собранието на СРМ — — — — — 497
225. Извештај на Републичката изборна комисија за резултатот од повторниот избор на пратеник на Републичкиот собор на Собранието на СРМ — — — — — 498
Исправка на Законот за републичките административни такси — — — — — 498

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат: Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**